**Записник**
**од Првата седница на**
**Генералното собрание на ГС1 Македонија**
одржана на 21.12.2009 година

Врз основа на член 22 од Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за ГС1 стандарди ГС1 Македонија, а во врска со член 1 од Одлуката за избор на претседател на Собранието на основачите, во согласност со член 18 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, претседателот на Собранието на основачите на ГС1 Македоноија, г-дин Љупчо Зиков свика Прва седница на Генералното собрание на ГС1 Македонија на 21.12.2009 година, со следниот

**Д н е в е н  р е д**

1. Презентација на Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за ГС1 стандарди ГС1 Македонија, донесен од Собранието на основачите;
2. Предлог-Програма на активности на ГС1 Македонија во 2010 година;
3. Предлог-Финансиски план за реализација на активностите на ГС1 Македонија во 2010 година;
4. Избор на претседател и заменик претседател на Собранието на ГС1 Македонија;
5. Избор на членови на Управниот одбор на ГС1 Македонија;
6. Предлог-одлука за зачленување на ГС1 Македонија во Стопанската комора на Македонија;
7. Р а з н о

Седницата ја отвори и ја водеше г-дин Љупчо Зиков, претседател на Собранието на основачите на ГС1 Македонија. Со работа започна во 12:00.

На седницата присуствуваа 39 претставници на членките на ГС1 Македонија. Согласно протоколот за присуство на седница на Генерално Собрание, сите присутни имаа претходно доставено до ГС1 Македонија писмена или електронска пријава за учество.

Претседателот констатира дека Генералното Собрание може полноправно да продолжи со работа со оглед дека постои поголем број од одредениот кворум од 21 член од вкупниот број членови на Собранието (согласно член 23 од Статутот на ГС1 Македонија).

Предлог- Дневниот ред едногласно се усвои.

**Точка 1** Образложение за Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за ГС1 стандарди ГС1 Македонија, донесен од Собранието на основачите даде претседателот г-дин Љупчо Зиков. Презентирајќи ги основните принципи на организирање, целите и задачите, принципите на членувањето, правата и

обврските на ГС1 Македонија и на членките, органите на управување, кои што остануваат неизменети, претседателот на Собранието на основачите на Асоцијацијата, ги информира присутните дека на 11.11.2009 година е одржано Основачко собрание на кое се донесени сите релевантни акти и одлуки неопходни за регистрација на правниот субјект согласно Законот за Здруженијата на граѓани и фондации (Сл. весник на РМ 31/98 и 29/07). На 03.12.2009 година извршена е регистрација на правниот субјект во Централниот регистар на Република Македонија, со единствен матичен број 6542824 и отворена е трансакциска сметка во Стопанска банка АД - Скопје.

Согласно член 21 од Статутот во надлежност на Собранието на ГС1 Македонија е донесување на Статутот, па затоа текстот донесен од страна на Собранието на основачите е ставен на разгледување на Првата седница на Генералното Собрание и текстот е прифатен без забелешки.

**Точка 2** По втората точка од дневниот ред, г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ, преку видео презентација, ја образложи Предлог-програмата на активностите на ГС1 Македонија во 2010 година. Таа истакна дека во наредниот период ГС1 Македонија има амбициозни планови за развој на системот преку доближивање на услугите до своите членки и помош на македонските компании во нивното приспособување и прилагодување кон европските стандарди. Планирана е поголема афирмација, презентација и промоција на ГС1 Македонија, организирање на семинари и обуки за членките на ГС1 Македонија, подготовка. изработка и издавање на низа мали брошури и стручни публикации од областа на системот, усогласување на веб-сајтот на ГС1 Македонија според дизајн стандардите на ГС1 системот. Основно за развојот на системот е обезбедување на квалитетна база на податоци, па затоа во програмските активности најзначајно место зазема преработката на софтверот за менаџмент на постојната банка на податоци, развој на нови софтверски модули според новонастанатите потреби. концептуална разработка на систем на електронско зачленување, комуникација и пружање услуги, ажурирање на сите контакти и други информации за фирмите членки, со што ќе се овозможи и реализација на GEPIR проектот.

Предложената Предлог-програма е усвоена без забелешки.

**Точка 3** Предлог- финансискиот план за реализација на активностите на ГС1 Македонија во 2010 година го образложи г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ и тоа по поодделни сегменти на обезбедувањето, намената и користењето на финансиските средства во 2010 година.

Предложениот финансиски план се усвои без забелешки.

**Точка 4** Согласно член 23 од Статутот, изборот на претседателот и заменик - претседателот на Собранието за мандатен период од 3 години се изврши со јавно гласање. Едногласно се избрани следните предложени кандидати:

- за претседател на Собранието на ГС1 Македонија е избран г-дин Симон Наумоски, генерален директор на "Витаминка" АД - Прилеп:
- за заменик претседател на Собранието е избран г-дин Љупчо Зиков, Управител на "Капитал медиа гроуп" ДОО Скопје,

Согласно член 22 од Статутот, претседателот на Собранието е и претседател на Управниот одбор на ГС1 Македонија, за време на мандатот во кој ја врши функцијата претседател на Собранието.

**Точка 5** Изборот на Управниот одбор се изврши од присутните членови на Собранието. Согласно со критериумите на Меѓународната асоцијација ГС1 и врз основа на член 25 од Статутот на ГС1 Македонија, по објавениот официјален повик, компаниите од Република Македонија, членки на ГС1 Македонија номинираа свои претставници за членови на Управниот одбор на ГС1 Македонија. При составување на Предлог-листата посебна сметка е водена да се испочитуваат следните критериуми:

- Успешноста и етаблираноста на членката на национално и меѓународно ниво;
- Активно учество во работата на ГС1 Македонија;
- Редовност во подмирување на обврските по основ на членарина;
- Бројот на артиклите за кои добиле право за баркодирање;
- Регионална застапеност; и
- Застапеност по пропулзивни дејности.

Изборот на членови на Управниот одбор се изврши со јавно гласање. За мандатен период од 3 години едногласно беа избрани следните номинирани претставници:

1. **Г-дин Симон НАУМОСКИ,** Генерален директор на "Витаминка" АД - Прилеп; кој согласно член 22 од Статутот на ГС1 Македонија е претседател на Собранието на ГС1 Македонија;
2. **Г-дин Љупчо ЗИКОВ,** Управител на "Капитал Медиа Гроуп" ДОО - Скопје. кој согласно член 25 од Статутот, како заменик-претседател на Собранието е и член на Управниот одбор на ГС1 Македонија;
3. **Г-дин Михаил ГАРЕВСКИ,** Директор на "УКИМ ИЗИИС" - Скопје;
4. **Г-дин Никола ДИМОВСКИ,** Пом. директор за информатика во "Алкалоид" АД - Скопје;
5. **Г-ѓа Соња ТАСЕВСКА,** Управител на "Мако Маркет" ДОО - Скопје;
6. **Г-дин Жарко ТРПКОСКИ,** Директор на информатика во "Тетекс - Тетово:
7. **Г-дин Благој ХРИСТОВ,** Виши менаџер за регулатива во "Македонски Телеком" АД - Скопје.

Со изборот на новиот состав на Управниот одбор на правниот субјект Здружение на граѓани Асоцијација за ГС1 стандарди ГС1 Македонија, престана функцијата на првиот претседател на Собранието и првиот состав на Управниот одбор кои го сочинуваа основачите.

Седницата на Собранието продолжи да ја води новоизбраниот претседател на Собранието и на Управниот одбор на ГС1 Македонија, г-дин Симон Наумоски. Тој се заблагодари на членовите на Собранието на укажаната доверба и упати

честитки до новоизбраниот потпретседател на Собранието и членовите на Управниот одбор. ТОЈ истакна дека Меѓународната GS1 организација е водечка глобална организација за стандарди во светот и дека ГС1 Македонија како национална членка на Меѓународната организација мора да ги почитува правилата на работење, меѓу кои е и стекнување на статус на самостоен правен субјект со своја жиро сметка.

**Точка 6** Предлог-одлуката за зачленување на ГС1 Македонија во Стопанската комора на Македонија едногласно се усвои. Во насока на понатамошна плодна соработка и потстрек на бизнис заедницата за омасовување на користењето на ГС1 стандардите во деловното работење, членовите на Собранието иницираа зачленување на најбројниот и најмоќниот репрезент на стопанството- Стопанската комора на Македонија во ГС1 Македонија.

**Точка 7** Претседателот на Собранието и на Управниот одбор на ГС1 Македонија ја задолжи г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ да го изготви записникот од седницата на Собранието и да ја подготви Првата седница на Управниот одбор која ќе се одржи во март 2010 година.

Седницата заврши со работа во 13:45 часот.

Записничар,
Слаѓана Милутиновиќ

Оверувачи на Записникот:

1. Михаил Гаревски

2. Љупчо Зиков

Бр. 47-60/2
21.12.2009год
С к о п ј е

Претседател,
Симон НАУМОСКИ

АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ГС1 СТАНДАРДИ * Здружение на граѓани * ГС1 МАКЕДОНИЈА Скопје GS1 Македонија